КИОК-КС.бр.179/21

КРИВИЧНИОТ СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА ПРИ ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ, составен од Претседателот на советот-судијата Васка Николовска Масевска и членовите на советот-судиите Горан Бошевски и Илија Трпков, со судски соработник Кристијан Смилевски, како записничар, постапувајќи по предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО бр.36/21 од 02.07.2021 година, за продолжување на мерката куќен притвор против осомничениот Д. Р. од С., на нејавна седница одржана на 02.07.2021 година, согласно чл.171 ст.1 и 2 в.в. со чл.163 в.в. со чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УВАЖУВА предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО бр.36/21 од 02.07.2021 година.

СЕ ПРОДОЛЖУВА МЕРКАТА КУЌЕН ПРИТВОР против осомничениот Д.Р. со ЕМБГ …, од татко Д., мајка Д., роден … година, определена со решение на Апелационен суд Скопје КСЖ бр.277/21 од 04.06.2021 година, за уште 30 дена, **сметано од 04.07.2021 година до 03.08.2021 година**, а поради постоење на причините предвидени во чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП.

СЕ ЗАБРАНУВА на осомничениот Д. Р. да го напушта местото каде што ќе се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на …, без дозвола од судот**.**

Доколку осомничениот не се придржува кон забраната, против истиот ќе се определи мерка притвор.

Надзорот над куќниот притвор ДА ПРОДОЛЖИ да го спроведува МВР на РСМ СВР Скопје ПС Аеродром, при што овластени службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа, ќе го проверуваат присуството на осомничениот во неговиот дом. За секое непочитување на решението од страна на осомничениот, се задолжува надлежната полициска станица, веднаш да го извести Основниот кривичен суд Скопје.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по предлогот за определување на мерка притвор на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, КО.бр.36/21 од 15.04.2021 година, против осомничениот Д.Р. од С., поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ, судијата на претходна постапка на овој суд донел решене КОК-ПП бр.130/21-1 од 16.04.2021 година со кое предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, КО.бр.36/21 од 15.04.2021 година го одбил како неоснован. Со истото решение под став 2 по повод предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, КО.бр.36/21 од 15.04.2021 година, а по службена должност судијата на претходна постапка спрема осомничениот Д. Р. определил мерка куќен притвор во траење од 30 дена сметано од 16.04.2021 година од 09,40 часот до 16.05.2021 година до 09,40 часот, поради постоење на причините предвидени во чл.163 в.в. со чл.165 ст.1 т.1 и т.2 од ЗКП. Воедно определено е дека мерката куќен притвор ќе се извршува на …, а осомничениот е предупреден дека без дозвола на судот не смее да се оддалечува од неговиот дом и дека во спротивно проив него може да се определи мерка притвор. Со истото решение на осомничениот Д. Р. му е забрането да комуница со осомничените Д. С., И. Д. и И. Х., сите од С., како и да употребува средства за комуникација, а се определува и 24 часовен видео и електронски надзор, а осомничениот е задолжен да ги почитува мерките за видео и електронски надзор. Надзорот над куќниот притвор, видео и електронскиот надзор е доверен на МВР на РСМ СВР Скопје ПС Аеродром при што овластени службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, во повеќе наврати ненајавено во текот

на 24 часа ќе го проверуваат присуството на осомничениот во неговиот дом, а се секое непочитување на решението од страна на осомничениот, овластените лица се должни да го известат Основниот кривичен суд Скопје.

Со решение на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при овој суд КИОК-КС.бр.65/21и КИОК-КС.бр.66/21 од 21.04.2021 година, жалбата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје КО бр.36/21 од 17.04.2021 година, е уважена, решението на судијата на претходна постапка на овој суд КОК-ПП бр.130/21-1 од 16.04.2021 година, е преиначено на начин што, уважен е предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје, КО бр. 36/21 од 14.04.2021 година, за определување на мерка притвор против осомничениот Д. Р. од С. и спрема осомничениот Д. Р. определена е мерка притвор во траење од 30 дена, сметано од денот на неговото спроведување во КПУ Затвор Скопје - Скопје, поради постоење на основано сомневање дека сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 в.в. со ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ, а поради постоење на причините предвидени во чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП. Воедно МВР на РСМ СВР Скопје ПС Аеродром, е задолжено веднаш по приемот на решението, осомничениот Д.Р., од адресата каде што се спроведува мерката куќен притвор …, да го спроведе во КПУ Затвор Скопје-Скопје, каде што ќе ја издржува мерката притвор.

КПУ Затвор Скопје Скопје до овој суд достави службена информација бр.0802-2111/1 од 22.04.2021 година во која е наведено дека осомничениот Д. Р. е примен во установата на 21.04.2021 година.

Постапувајки по предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, КО бр.36/21 од 19.05.2021 година, со решение на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при овој суд КИОК-КС.бр.111/21 од 20.05.2021 година, продолжена е мерката притвор спрема осомничениот за уште 30 дена, сметано од 21.05.2021 година до 20.06.2021 година, а поради постоење на причините предвидени во чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП.

Со решение на Апелационен суд Скопје КСЖ бр.277/21 од 04.06.2021 година, решението на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при овој суд КИОК-КС.бр.111/21 од 20.05.2021 година е преиначено на начин што укината е мерката притвор против осомничениот определена со решение на Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при овој суд КИОК-КС.бр.65/21и КИОК-КС.бр.66/21 од 21.04.2021 година и спрема осомничениот определена е мерка куќен притвор во траење од 30 дена сметано од 04.06.2021 година до 04.07.2021 година, поради постоење на основите од чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП. Воедно определено е дека мерката куќен притвор ќе се извршува на …, а осомничениот е предупреден дека без дозвола на судот не смее да се оддалечува од неговиот дом и дека во спротивно проив него може да се определи мерка притвор. Надзорот над куќниот притвор, е доверен на МВР на РСМ СВР Скопје ПС Аеродром при што овластени службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, во повеќе наврати ненајавено во текот на 24 часа ќе го проверуваат присуството на осомничениот во неговиот дом, а се секое непочитување на решението од страна на осомничениот, овластените лица се должни да го известат Основниот кривичен суд Скопје.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, до Кривичниот совет на овој суд достави образложен предлог за продолжување на мерката куќен притвор определена против осомничениот Д. Р., КО бр.36/21 од 02.07.2021 година. Во предлогот се наведува дека во текот на истрагата по прибавувањето на материјалните докази се дошло до нови сознанија за сторено уште едно кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ за кои дејствија во текот на истрагата ќе требало да се сослушаат и сведоци, поранешни лица ангажирани со авторски договори во Владата на РСМакедонија од страна на осомничениот Д. Р. како и лиѓе со кои соработувал поради што сеуште постоеле основите од чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП, за продолжување на определената мерка притвор. Ова пред се бидејки

станувало збор за сериозно коруптивно кривично дело кое му се ставало на товар на осомничениот во корелација со околноста да осомничениот Д. Р. со високата функција која што ја извршувал стекнал многу познанства како во рамките на територијата на РС Македонија така и надвор од нејзините граници, а кои контакти би можел да ги искористи за да се даде во бегство или да се крие, со цел да ја одбегне кривичната одговорност, како и фактот да не живее на адресата по која се води по лична карта, туку престојува на друга адреса, а недвижниот имот кој го стекнал додека ја вршел функцијата го купил, односно го префрлил на малолетните деца. Имајки го предвид наведеното постоела реална опасност доколку осомничениот биде пуштен да се брани од слобода во понатамошниот тек на постапката ќе се дал во бегство или ќе се криел. Воедно основано било сомневањето дека осомничениот ќе ја попречувал истрагата со влијание врз сведоците кои требало да бидат дополнително испитани, а кои биле луѓе со кои тој соработувал, како и лица кои биле ангажирани со авторски договори во Владата на РС Македонија, притоа имјаки го во предвид фактот да по отварањето на пред истражната постапка осомничениот ја попречувал истата со влијание врз сега соучесник а во тоа време сведок, а воедно вршел и влијание врз материјалната документација со изменување на датуми на извештаи и генерирање на извештаи, за кои околности биле доставени докази во списите на предметот КОК-ПП бр.130/21. Воедно во текот на истрагата се утврдило дека истиот вршел и промени на датуми и внел деловоден број на документ кој од увидот во деловната книга при Владата не соодејствувал со доставениот документ во обвинителството под тој број. Оттука реално можело да се очекува осомничениот повторно да врши влијание врз сведоците, вработени во Генералниот секретеријат при Влада на РС Македонија на кои им бил претпоставен и лица со кои истиот соработувал, а кои лица требало да се сослушаат како сведоци во текот на истражната постапка и да врши влијание врз материјалните докази и понатамошниот тек на постапката, дотолку повеќе што сведоците требало да се произнесат за начинот на соработувањето со осомничениот во критичниот временски период. Обвинителството имало во предвид и доставената медицинска документација од страна на осомничениот но со оглед на наводите во истата не произлегло дека интервенциите кои требало да се направат не можеле да се спроведат и додека траела мерката куќен притвор, со оглед да и ЗКП дозволува носење на лекар доколку за тоа се јави потреба. Неспорно во медицинската документација се наведувало дека требало да се направи хируршки зафат, но тоа било кратка интервенција за која не требало ни хоспитализација поради што во случајов можело да се примени чл.163 ст.2 т.1 од ЗКП таквата интервенција да биде извршена поради кои околности на кои се повикува одбраната не укажувале на околноста да она што го барал осомничениот не можело да биде направено додека ја издржувал мерката куќен притвор. Поради сето наведено му предложи на советот да донесе решение со кое ќе ја продолжи мерката куќен притвор спрема осомничениот, а согласно чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП.

Имајки ги во предвид наводите содржани во образложениот предлог за продолжување на мерката куќен притвор против осомничениот Д. Р. на Основното јавно обивинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје КО бр.36/21 од 02.07.2021 година, Кривичниот совет на одделението за организиран криминал и корупција при овој суд утврди дека:

Предлогот е основан.

Советот смета дека предлогот на Основното јавно обивинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје КО бр.36/21 од 02.07.2021 година за продолжување на куќниот притвор против осомничениот Д. Р., во оваа фаза на истражната постапка е основан, односно дека во конкретниот случај сеуште се присутни причините за продолжување на куќниот притвор против осомничениот поради постоење на причините што како законски основ се предвидени во чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП.

Имено, во овој стадиум на истражната постапка, кога тековно се превземаат релевантни истражни дејствија, постои основано сомневање доколку осомничениот биде пуштен да се брани од слобода, може да се даде во бегство, да се сокрие, или на друг начин да биде недостапен на органите на прогонот и судот, заради одбегнување на евентуална

кривична одговорност, а во корелација со видот и карактерот на кривичното дело поради кое се сомничи, степенот на кривичната одговорност, видот и висината на предвидената кривична санкција за ваков вид на кривично дело. На опасноста од бегство укажува и околноста дека осомничениот додека бил носител на јавна функција истиот стекнал многу познанства во државата и во странство кои можат во понатамошниот тек на постапката да му помогнат да се крие и да стане недостапен на органите на прогонот, доколку биде пуштен да се брани од слобода. Сите овие околности укажуваат на постоење на причините што како законски основ за мерката притвор се предвидени во чл.165 ст.1 т.1 од ЗКП. Советот при одлучувањето ги имаше во предвид околностите дека осомничениот има засновано редовен работен однос, има оформено свое потесно семејство во кое е родител и поседува подвижен имот на свое име, но наведените околности не претставуваат доволна гаранција за обезбедување на негово присуство во оваа фаза на постапката.

Оправданоста од опстојувањето на мерката притвор, определена спрема осомничениот во овој момент се поткрепува и со околноста дека во оваа фаза на постапката постои реална опасност дека доколку осомничениот биде пуштен да се брани на слобода може да ја попречува постапката со влијание на сведоците, поранешни колеги, како и луѓе со кои соработувал. Сомневањето дека осомничениот би можел да ја попречува истрагата со влијание врз сведоци кои треба дополнително да бидат испрашани, произлегуа од фактот дека по отварањето на предистражната постапка осомничениот ја попречувал со влијание врз сведок кој во оваа постапка е соучесник, фактот дека осомничениот преправал материјална документација со изменување на датуми на извештаи и генерирање на нови извештаи, како и фактот дека истиот вршел промена на датуми и деловоден број на документ на Владата. Имајки го во предвид наведеното, како и фактот дека во понатамошниот тек на постапката потребно е испитување на сведоци и прибирање на материјални докази во врска со сознанијата за сторено уште едно кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ, а потребно е да се превземат и други истражни дејствија, советот цени дека сеуште опстојува причината за продолжување на мерката притвор што како законски основ е предвидена во чл.165 ст.1 т.2 од ЗКП.

Сите погоре наведени околности анализирани поединечно и во една компактна целина, во корелација со општествената опасност упатуваат на потребата од продолжување на мерката куќен притвор спрема осомничениот Д. Р., поради постоење на причините што како основи се предвидени во чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП, а со цел обезбедување на негово присуство, како и опасноста од евентуално сторување на ново кривично дело, кое е во правец на успешно и ефикасно завршување на истрагата.

Имајќи го предвид наведеното, а согласно чл.171 ст.1 и 2 в.в. со чл.163 в.в. со чл.165 ст.1 т.1 и 2 од ЗКП, советот одлучи како во изреката на ова решение.

ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА, КИОК-КС.бр.179/21 од 02.07.2021 година

Записничар
Кристијан Смилевски с.р.

Претседател на совет-судија
Васка Николовска Масевска с.р.

ПОУКА: Жалба е дозволена во рок од 48 часа од приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ЖАЛБАТА НЕ ГО ЗАДРЖУВА ИЗВРШУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО

Д-Н: -На осомничениот на …,

-На МВР на РСМ СВР Скопје ПС Аеродром
-На ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје
КО бр.36/21 од 02.07.2021 година
-На адв. Владимир Андреевски од Скопје
-На адв.Владимир Доневски од Скопје